СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

Програма 2025-2029

# ОПШТИНА СТРУГА

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СОВЕТНИЧКА ЛИСТА

5

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Почитувани сограѓани,**

Денес, со почит и одговорност, застанувам пред вас како носител на листа. Струга е повеќе од место на картата. Таа е наш дом, место на спомени и културна коегзистенција. Како жител, родител и активен член на заедницата, ги познавам предизвиците, но уште повеќе верувам во нашиот огромен потенцијал. Се кандидирам бидејќи верувам дека Струга и околните места можат да бидат модерна, урбана и просперитетна општина, со високи стандарди за животната средина и квалитетен живот за сите. Мојата визија се темели на општина која се грижи за секоја генерација. Училиштата ќе бидат места на подготовка за 21-виот век, за нашите деца да можат да се носат со своите врсници од цела Европа. Младите да основаат семејства токму тука, во нашата општина, и да придонесуваат за нејзиниот просперитет. Истовремено, ќе посветиме внимание на нашите највозрасни сограѓани. Ќе создадеме и обновиме јавни простори – паркови, шеталишта и катчиња за одмор, каде што ќе можат да се дружат и да уживаат во слободното време. Нашиот град е дом на уметници, писатели и творци, создавајќи нови простори за култура и творење. Ќе ја направиме Струга центар на уметноста, каде што талентот ќе се негува, а граѓаните ќе уживаат во креативноста на своето родно место. Мојата визија се темели на следните приоритети: Развиен туризам во текот на целата година, Зелена Струга, со чист воздух и чисти плажи, Инвестирање во младите.Оваа визија не е утописки сон. Таа е остварлива реалност со посветена работа и транспарентност. Време е за промена, за Струга каква што заслужуваме.

Ви благодарам!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Струга

Сограѓани,
Ние сме кандидати за општинскиот совет и се обраќаме директно до вас, затоа што сме исто како и вие граѓани кои веруваат дека нашата општина може да биде подостоинствено место за живеење. Веруваме дека Струга треба да биде пристојно место за сите, со безбедни улици за нашите семејства, поддршка за локалните бизниси кои се темел на нашето стопанство и почиста околина во која сите ние живееме. Наместо празни ветувања, ние имаме реализирани проекти кои се видливи низ целата општина, но ние нудиме и континуирана посветеност и транспарентност. Нашата цел е заеднички да сме гласот на сите граѓани во Советот на општината.
Ве повикуваме да нè поддржите за да ја изградиме Струга каква што сите ја посакуваме!
Заедно за подобра Струга!

1. Димче Шипинкаровски, р. 1971, Дипломиран економист, СДСМ
2. Науме Климоски, р. 1971, дипломиран правник, СДСМ
3. Елзана Авмедоска, р. 1988, дипломиран правник, СДСМ
4. Лука Плушкоски, р. 2003, Електротехника и автоматика, СДСМ
5. Никола Грданоски, р. 1993, ССС/Општа гимназија, СДСМ
6. Мила Бебекоска, р.1980, Педагошки факултет, СДСМ
7. Андон Ложанкоски, р.1962, Доктор по стоматологија, СДСМ
8. Дарко Прензоски, р. 1992, ССС/Економски техничар/сметководител, СДСМ
9. Слаѓана Јулоска, р. 1977, ССС/Општа гимназија, СДСМ
10. Мира Кукунешоска, р. 1958, пензионер, СДСМ
11. Томислав Ќушкоски, р. 1991, дипломиран правник, СДСМ
12. Анифка Ракипоски, р. 1964, средно образование, ПОЕН
13. Нада Гововска, р. 1992, дипломиран правник, СДСМ
14. Наумче Спасески, р. 1992, професор по физичко образование, СДСМ
15. Златко Мариноски, р. 1998, дипломиран правник, СДСМ
16. Кристина Кукунешоска Мангоска, р. 1984, Филозофски факултет/Психологија, СДСМ
17. Гоце Велјаноски, р. 1989, ССС/музичар теоретичар, СДСМ
18. Ѓорѓи Профилоски, р. 1988, дипломиран професор по италијански јазик, СДСМ
19. 19. Сања Колеска Србоска, р. 1989, дипломиран воспитувач, СДСМ
20. Елена Попоска Ристоска, р. 1994, дипломиран детектив, СДСМ
21. Илија Пејчиноски, р. 2006, ССС, СДСМ
22. Милош Пајкоски, р. 2003, апсолвент информатичар, СДСМ
23. Тамара Петровиќ, р. 1994, дипломиран економист, СДСМ

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Подмоље –Струга - целосно реконструиран
- Основно училиште Јосип Броз Тито
- Основно училиште Браќа Миладиновци
- Основно училиште Враништа - Дедо Лазор Циркоски
- Основно училиште во Мороишта Св. Климент Охридски
- Основно училиште во Радожда Димитар Влахов
- Средно општинско училиште Нико Нестор Нова спорстка сала целосно опремена
- Средно општинско училиште гимназија Др. Ибрахим Темо (ПВЦ столарија, подови)
- Целосна реконструкција на затворен пливачки базен
- Завод за нефрологија набавени 15 нови апарати за дијализ, реконструирана кровна конструкција со површина од 3000 м2
- Реконструкција на Општа болница
- Целосна реконструкција на регионален пат Вевчани-Октиси-Заграчани/ пат во Струга-Ќафасан
- Целосна реконструкција на правец Алумина (Лабуништа) – центар Лабуништа
- Целосна реконструкција на правец Мороишки мост - Збажди во должина од 27 километри
- Целосна реконструкција на регионален пат Струга – Вишни – Горна Белица – Вевчани
- Колекторски систем Радожда до фаза на избор на фирма)
- Замена на цела водоводна мрежа

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Струга

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Млади**

- Образование: воведување на бесплатни ИТ и јазични курсеви; поддршка за стартапи и иновациски хабови.
- Култура и спорт организирање на младински фестивали, музички и уметнички настани; поддршка на младински спортски клубови.
- Вработување: програми за практикантство во локалните бизниси; субвенции за младинско претприемништво.

- **Жени**

- Економија: програми за поддршка на жени претприемачи преку мали грантови и обуки.
- Образование: работилници за дигитална писменост и финансиска едукација.
- Социјална поддршка поголема достапност на јавни сервиси за грижа за деца.

- **Пензионери**

- Здравство: бесплатни превентивни прегледи и мобилни здравствени тимови.
- Мобилност: бесплатен или повластен јавен превоз за лица над 65 години.

Образование

- Реконструкција на училишта и дигитализација на наставата.
- Програма „Учиме во природа" – едукативни еко-екскурзии.
- Поголема инклузивност преку долгорочна и постојана поддршка за ученици со попречености.

- **Култура**

- Поддршка за локални уметници преку јавни изложби и манифестации.
- Отворање на мултимедијален/младински центар
- Одржување на традиционални манифестации со современ дух.

- **Спорт**

- Ревитализација на спортските игралишта.
- Организирање аматерски спортски лиги (фудбал, кошарка, одбојка).
- Засилена поддршка на женски спортски клубови.

- **Транспорт**
- Изградба на велосипедски патеки и пешачки зони.
- Поставување паметна сигнализација и подобрување на сообраќајната безбедност.
- **Животна средина**
- Акции за пошумување и чистење на диви депонии.
- Зголемена поддршка за користење соларна енергија во јавните институции

Овие мерки и активности не се само ветувања – тие се конкретен план како да изградиме заедница во која секој ќе има можност за квалитетен живот. Нашата цел е да ја направиме општината модерна и функционална, со чиста средина, достапни јавни услуги и еднакви можности за сите генерации. Веруваме дека со заедничка работа, транспарентност и одговорност можеме да изградиме град во кој граѓаните ќе се чувствуваат горди, а секојдневието ќе биде исполнето со достоинство, сигурност и перспектива.аматерски спортски лиги ќе ја зголеми социјалната поврзаност и ќе поттикне здрави навики.



# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Колекторски систем од Струга до Радожда

Нашата цел е да го решиме долгогодишниот проблем со загадувањето на Охридското Езеро. Затоа, во следниот мандат, се обврзуваме на целосна реализација на проектот за изградба на колекторскиот систем од Струга до Радожда.Овој капитален проект е од суштинско значење за заштита на езерото, кое е под заштита на УНЕСКО. Со изградбата наколекторот, ќе се овозможи собирање и третман на отпадните води, со што ќе се спречи нивното директно испуштање во езерото. Дополнително изградба на современа канализациона мрежа и ефикасна пречистителна станица, конечно ќе ставиме крај на испуштањето отпадни води во езерото. Ќе го заштитиме биодиверзитетот, ќе го подобриме квалитетот на водата и ќе создадеме услови за одржлив развој на целиот регион.

Ова е чекор кон европски стандарди, кон зелена транзиција. За Струга, за Радожда, за сите нас.

Градиме со визија.

### Влијание на проектот:

Проектот овозможува чисто езеро, здрав живот, еколошка заштита и одржлив туристички развој за целиот регион.

### Целна група:

- Локални жители на Струга, Радожда и околните населени места – директно засегнати од загадувањето и најмногу добиваат од подобрената инфраструктура и здравствените услови.
- Туристи и посетители – за нив чистото езеро значи подобро искуство, поголема привлечност и безбедност.
- Бизнис секторот и угостителите – кои ќе имаат корист од зголемен туризам и подобра репутација на регионот.

### Рок на реализација

2025-2029

## Марина со пристаниште во Струга

Ќе изградиме современа марина со пристаниште во Струга, целосно усогласена со насоките на УНЕСКО за заштита на природното и културното наследство. Проектот ќе овозможи безбедно пристанување за туристички и спортски пловни објекти, со комплетна инфраструктура: пристапни рампи, сервисни зони, зелени површини и шеталишта.Ќе отвориме информативен центар, содржини за водни спортови и угостителски капацитети, со што ќе поттикнеме локален развој и нови работни места.

Марината ќе биде нов симбол на Струга – одржлива, модерна . Ќе го зајакнеме туризмот, ќе ја заштитиме природата и ќе создадеме нов урбан импулс за целиот регион.

**Влијание на проектот:**

Марината ќе го зајакне туризмот, ќе отвори нови работни места, ќе ја подобри инфраструктурата и ќе придонесе за одржлив развој на Струга.

**Целна група:**

- Туристи и посетители – љубители на езерскиот туризам, водни спортови и рекреација, кои бараат нови дестинации со современа инфраструктура.
- Локални жители – особено млади и семејства кои ќе добијат ново место за прошетки, спорт и социјални активности.
- Бизнис заедница и угостители – кои ќе имаат можност за проширување на своите услуги и развој на нови економски активности.

**Рок на реализација**

2025-2029

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Урбанистичко решение за влез во Струга

Ќе ја трансформираме влезната зона на Струга во современ, функционален и безбеден градски коридор. Ќе изградиме кружен тек со зеленило, модерна сигнализација, осветлување, паркинг зони и безбедни пешачки патеки.Проектот ќе предвидува ефикасно сообраќајно решение кое ќе го реши децениските проблем со метежот и нефункционалниот пристап кон градот. Со оптимизирани сообраќајни ленти, јасна сигнализација и подобрена инфраструктура, ќе се обезбеди брз и регулиран влез во Струга.

Влезната зона ќе стане симбол на урбана трансформација – динамична, зелена и отворена кон иднината. Градиме со план и со грижа.

**Влијание на проектот:**

Со реализација на овој проект, ќе се реши децениските проблем со сообраќајниот метеж и нефункционалниот пристап кон градот. Ќе се овозможи зголемен проток на возила, зголемена безбедност за сите учесници во сообраќајот и значително намалување на аерозагадувањето.

**Целна група:**

- Локални жители и секојдневни патници – кои ќе добијат побезбеден, побрз и поудобен пристап до градот.
- Возачи и транспортни компании – за кои зголемениот проток и намалените застои значат поефикасно движење и помали трошоци.
- Пешаци и велосипедисти – преку уредени патеки и зголемена безбедност во сообраќајот.
- Туристи и посетители – кои ќе ја доживеат Струга како организиран и модерен град.

**Рок на реализација**

2025-2029

# ПРОЕКТИ

## Промена на стара азбестни водоводна мрежа со ПБЦ цевки

Ќе ја замениме старата азбестна водоводна мрежа со нови ПБЦ цевки, безбедни за здравјето и отпорни на оштетувања. Овој материјал не испушта штетни честички, има долг век на траење и овозможува стабилен притисок во системот, што значително го подобрува квалитетот на водоснабдувањето.

### Влијание на проектот:

Овој проект директно придонесува кон подобрување на јавното здравје преку елиминација на штетниот азбест од водоводниот систем. Со поставување на ПБЦ цевки, се обезбедува стабилен притисок, намалени загуби на вода и зголемена отпорност на оштетувања.

### Целна група:

Локални жители – кои секојдневно користат вода за пиење, готвење и хигиена, и директно ќе почувствуваат подобрување во квалитетот

Општински служби и водоводни претпријатија – кои ќе добијат поефикасен и одржлив систем за управување со водоснабдувањето

### Рок на реализација

2025-2029

## Кеј во Радожда и нов пристапен пат до селото

Ќе изградиме уреден кеј во Радожда со пешачки патеки, осветлување и зелени површини, кој ќе го оживее езерскиот брег. Дополнително, ќе обезбедиме нов пристапен пат до селото, со што ќе се подобри поврзаноста, безбедноста и условите за развој на туризмот и локалната економија.

### Влијание на проектот:

Проектот го подобрува пристапот до Радожда, го развива туризмот и го уредува езерскиот брег за локална и регионална користење за секојдневни, рекреативни и туристички намени.

### Целна група:

- Локални жители на Радожда – кои ќе добијат подобрен пристап, уреден јавен простор и зголемена безбедност.
- Туристи и посетители – привлечени од уредениот кеј и подобрената инфраструктура, што го прави селото поприступно и поатрактивно.

### Рок на реализација

2025-2029

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ

## Продолжување на кејот на реката Дрим до магистралниот мост

Ќе го продолжиме кејот на реката Дрим до магистралниот мост, со уредени пешачки и велосипедски патеки, урбана опрема и осветлување. Проектот ќе овозможи континуирана врска меѓу градот и периферните населени места подобрувајќи го јавниот простор, мобилноста и атрактивноста на градот.

### Влијание на проектот:

Проектот ќе овозможи подобра поврзаност меѓу центарот и периферијата, зголемена мобилност за пешаци и велосипедисти, и уреден јавен простор што го поттикнува рекреативниот и туристички потенцијал на градот. Дополнително, ќе се подобри визуелниот идентитет на Струга и ќе се создадат услови за одржлив урбан развој покрај реката Црн Дрим.

### Целна група:

- Пешаци и рекреативци – кои ќе добијат континуирана и безбедна патека за прошетки, трчање и одмор покрај реката.
- Велосипедисти – преку нови велосипедски патеки што го поврзуваат центарот со периферијата.
- Локални жители – кои ќе уживаат во подобрен јавен простор и зголемена мобилност.
- Туристи и посетители – привлечени од уредениот кеј како дел од градската понуда

### Рок на реализација

2025-2029

## Ревитализација на мини спортски игралишта во градот и изградба на игралишта во рурални средини

Ќе ги ревитализираме постојните мини спортски игралишта во градот со нова подлога, огради, осветлување и спортска опрема. Истовремено, ќе изградиме нови игралишта во руралните средини, со цел да обезбедиме еднаков пристап до спорт и рекреација за деца и млади.

### Влијание на проектот:

Проектот поттикнува здрав живот, социјална кохезија и еднаков пристап до спорт за урбани и рурални заедници.

### Целна група:

Деца и млади

### Рок на реализација

2025-2029

## Спортска сала за боречки вештини

Ќе изградиме современа спортска сала за боречки вештини со комплетна опрема и безбедносни стандарди. Салата ќе биде наменета за тренинзи и натпревари во џудо, карате, таеквондо и бокс, со што ќе го поттикнеме спортскиот дух кај младите и ќе создадеме услови за меѓународни настани

**Влијание на проектот:**

Салата ќе обезбеди услови за тренинг, натпревари и развој на млади таленти во боречки вештини. Ќе се организираат натпревари на локално, регионално и интернационално ниво.

**Целна група:**

Деца, млади спортисти, спортски клубови и рекреативци заинтересирани за боречки дисциплини.

**Рок на реализација** 2025-2029

## Продолжување на Кеј на потег Светка Петка – Спортска сала Тими

Реконструкција на кеј на г. Црн Дрим по двете страна и претворање во нов јавен простор за граѓаните. Овој простор кој сега е запуштен и неискористен, се планира да се уреди со соодветно осветлување, урбана опрема и зелени појаси/парковни површини, како би се добил нов простор за дружење и релаксација на локалното население.

**Влијание на проектот:**

Создавањето на нов, уреден јавен простор на кејот на Црн Дрим ќе го подобри квалитетот на живот преку овозможување повеќе активности на отворено. Со уредување на зелени појаси, проектот ќе придонесе за подобар естетски изглед на градот и еколошка рамнотежа. Кејот ќе стане центар за социјални собири и дружење, зајакнувајќи ја локалната заедница.

**Целна група:**

Вкупна популација

**Рок на реализација**

2025-2029

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА